Врз основа на одредбите од чл.37-н од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), и одредбите од член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година, Директорот на Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден, донесе

Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 04-123/6
28.05.2021 год.
Населба, ИЛИНДЕН

# ОДЛУКА

**за извршен избор на кандидат по Интерен оглас бр.01/2021**
**за пополнување на работно место со унапредување на давателите на јавни услуги**

I. За пополнување на работни места со унапредување на давателите на јавни услуги во ЈКП „Илинден" н.Илинден, по објавениот Интерен оглас бр.01/2021:

1. За работното место Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба - 1 (еден) извршител - **не се избира кандидат, поради тоа што на огласот нема пријавено ниту еден кандадат за ова работно место.**

2. **За работното место Општ работник и управувач на помошни градежни машини, со шифра КДР 03 05 В01 010, во Одделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад - Стручна служба- 1 (еден) извршител, избран е следниот кандидат:**
   - **АТОВ ЗАХАРИ**

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На ден 17.05.2021 година на веб страната на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден http://jkpilinden.com.mk/ и на огласната табла на претпријатието објавен е Интерен оглас бр.01/2021 за пополнување на работни места со унапредување на даватели на јавна услуга, за работните места Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба, 1 (еден) извршител и Општ работник и управувач на помошни градежни машини, со шифра КДР 03 05 В01 010, во Одделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад - Стручна служба, 1 (еден) извршител.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден бр.04-123/2 од 17.05.2021 година, а во функција на спроведување на постапката за унапредување на даватели на јавна услуга за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по објавувањето на интерниот оглас број 01/2021, спроведе постапка за селекција за унапредување за наведените работни места, а во согласност со одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година.

По спроведената постапка, од страна на Комисијата за селекција за унапредување по Интерниот оглас 01/2021 се изготвени Записник од административна селекција со арх.бр.04-123/3 од 25.05.2021 година, Записник за спроведено интервју во постапката со арх.бр.04-123/4 од 28.05.2021 година и е изготвена Конечна ранг листа од пријавените кандидати по Интерниот оглас 01/2021 со предлог за избор на најдобро рангираните кандидати, при што по целокупно спроведената постапка од страна на Комисијата за селекција за унапредување е утврдено и констатирано дека на огласот за работното место Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба - 1 (еден) извршител нема пријавено ниту еден кандидат, додека за работното место Општ работник и управувач на помошни градежни машини, со шифра КДР 03 05 В01 010, во Одделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад - Стручна служба- 1 (еден) извршител има пријавено еден кандидат- кандидатот Атов Захари, кој ги исполнува во целост општите и посебните услови за пополнување на предметното работно место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за јавните претпријатија, Правилникот за систематизација на работни места на ЈКП „Илинден" н.Илинден и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година, и за истиот од страна на Комисијата до Директорот е доставена конечна ранг листа, со предлог за негов избор за работното место Општ работник и управувач на помошни градежни машини, со шифра КДР 03 05 В01 010, во Одделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад - Стручна служба.

Предвид претходно наведеново, Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден донесе одлука за невршење на избор за работното место Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба - 1 (еден) извршител, додека за работното место Општ работник и управувач на помошни градежни машини, со шифра КДР 03 05 В01 010, во Одделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад - Стручна служба е избран кандидатот Атов Захари, како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку ЈКП „Илинден" н.Илинден до Управниот одбор на ЈКП „Илинден" н.Илинден во рок од 8 дена од денот на на приемот на оваа Одлука.

Предметнава одлука да се објави на веб страната на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден http://jkpilinden.com.mk/ и на огласната табла на претпријатието.

Д.Н.
- Одделение за човечки ресурси
- Архива
- Пријавениот кандидат

ЈКП „ИЛИНДЕН" н.Илинден
Директор
дипл.правник Игор Филиповски

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН" Населба Илинден